КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постпки

Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000
00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## ПРЕДМЕТ: „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК 47/17

На ден 17.01.2018 година се одржа рочиштето по предметот КОК-47/17. Во овој предмет обвинети се 11 лица за кривичните дела Злоупотреба на службената положба и овластување, Примање награда за противзаконито влијание, Фалсификување на службена исправа и за Злосторничко здружување. Еден од членовите на судскиот совет имаше поднесено барање за изземање од причина што учествувал во постапката за оцена на обвинителниот акт. Според годишниот распоред на судот, назначен е и нов Претседател на судскиот совет. Поради потреба од временски период да се проучи предметот рочиштето се одложи за 27.03.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ТРУСТ“ К.БР. 1459/17

На ден 18.01.2018 година се одржа рочиштето по предметот К-1459/17. Во овој предмет обвинети се 3 физички лица и 3 правни лица по член 275в за Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно приватно партнерство. Рочиштето се одложи поради отсуство на второобвинетиот од здравствени причини. Рочиштето беше одложено за 23.01.2018 година. На рочиштето од 23.01.2018 година се продложи со изведување на докази предложени од страна на одбраната. Се вршеше директно испитување на вешто лице технички советник од страна на адвокатите на првообвинетиот во случајот. Поради закажано друго рочиште во истата судница, ова судење се одложи за 30.01.2018 на кое ќе се продолжи со испитување на истиот сведок/вештак. Рочиштето закажано за 30.01.2018 година се одложи поради боледување на судијата. Наредното е закажано за 08.02.2018 година.

## ПРЕДМЕТ:  К.БР. 1834/17 КАДЕ КАКО ОШТЕТЕН СЕ ЈАВУВА НИКОЛА ТОДОРОВ (ОБВИНЕТ ДЕДОТО НА ТАМАРА)

За предметот заведен под број К-1834/17 обвинето е едно лице за кривично дело Убиство по чл.123 ст.1 вв. чл.19 и кривично дело Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи по чл.396 ст. 1 од КЗ. На рочиштето закажано на 22.01.2018 година се констатираше дека има промена на два члена на судскиот совет (еден судија и еден судија поротник) исто така се информираше јавноста дека Апелациониот суд донел решение Основниот суд да провери во Министерство за правда дали вештите лица поднеле барање за продолжување на лиценцата и дали во време на извршување на вештачењето имале лиценци или тие биле истечени. Наредното рочиште е насрочено за 14.02.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ТРАНСПОРТЕР“ КОК 30/17

Овој предмет е заведен под број КОК-30/17 каде што има 21 обвинето лице за кривичното дело Злоуотреба на службената положба и овластување. Поради тоа што списите на предметот се наоѓаат во Апелациониот суд и сеуште не се вратени во Основниот суд ова рочиште и наредните две рочишта кои што беа закажани за 25.01 и 29.01 се одложија, а наредното рочиште е насрочено за 31.01.2018. Рочиштето на ден 31.01.2018 се одложи поради тоа што предметот е сеуште во Апелациониот суд и не е вратен во Основниот, а исто така беа отсутни и еден обвинет и еден адвокат.

## ПРЕДМЕТ: „ТНТ“ КОК 53/17

На 24.01.2018 година се одржа првото рочиште на овој предмет заведен под број КОК-53/17. Во овој предмет обвинети се 7 лица за Злоупотреба на службената положба и овластување по чл. 353 од КЗ. На ова рочиште најпрво адвокатите на обвинетите имаа приговор за камерите со кои тонски и визуелно се снима рочиштето дека не се поврзани со АКМИС системот. Судот го одби овој приговор и ја продолжи главната расправа со повикување на обвинителството и на адвокатите да ги дадат воведните говори. Откако јавното обвинителство ги даде своите воведни говори, адвокатите на обвинетите најпрво не сакаа да дадат воведни говори повикувајќи се дека не се почитува начелото на еднаквост на оружјата бидејќи доказите односно аудио снимките и смс пораките од разговорите помеѓу обвинетите врз основа на кои се темели обвинението не се доставени до одбраната од страна на Јавното обвинителство. Одбраната бараше да се одложи рочиштето и судот да го задолжи обвинителството во одреден рок да им ги достави аудио снимките и смс пораките. Судот по ова прашање одлучи дека може да се дадат воведни говори и без тие докази, а дека дополнително ќе го задолжи обвинителството да им ги достави тие докази. Одбраната даде воведни говори, но исто така побара од судот на наредното рочиште да им дозволи да ги дополнат овие воведни говори. На крајот на ова рочиште одбраната се произнесе дека бара оштетниот кој што беше присутен на рочиштето и го следеше да се изземе како сведок во постапката бидејќи бил присутен во судницата кога се давале воведните говори. Наредното рочиште е закажано за 09.02.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „МАРИГЛЕН“ К.БР. 1271/16

Во Предметот К-1271/16 како обвинет се појавува членот на партијата Левица кој обвинителството го товари дека учествувал во демолирањето на народната канцеларија на Претседателот на РМ. Рочиштето на 25.01.2018 година се одложи за 09.03.2018 година поради отсуство на Јавниот обвинител. Предметот ќе почне од почеток поради промена на судијата.

## ПРЕДМЕТ: „ПОТКУП“ КОК 62/16

Предметот Поткуп е заведен под број КОК-62/16. Рочиштето закажано на 29.01.2018 година се одложи поради отсуство на Јавниот обвинител. Наредното рочиште насрочено е за 26.02.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ТАРИФА“ КОК 51/17

Овој предмет е заведен под број КОК-51/17. Обвинети се три лица за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување. На рочиштето одржано на ден 26.01.2018 година беа прочитани воведните говори на обвинителството и одбраната. На истото се изведуваа докази на обвинителството на кое беа испитани директно и вкрстено од страна на одбраната, двајца сведоци на обвинителството. Наредното рочиште е закажано за 13.02.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ЛЕВИЦА“ К.БР. 986/16

Предметот се води под број К-986/16. Поради промена на судечкиот судија и истек на повеќе од 90 дена од последното одржано рочиште за главна расправа, расправата денес (25.01.2018) започна од почеток. При предјавувањето на оштетното побарување настана дебата помеѓу судијата и претставникот од Државното правобранителство на РМ (ДПРМ) по однос на тоа дали ДПРМ се јавува во својство на оштетен или во својство на застапник на оштетеното лице, како и во однос на тоа дали истиот треба да учествува во постапката, по што судијата на записник констатираше дека претставникот на ДПРМ одбива да одговара на прашања на странките (иако истиот не беше повикан во својство на сведок и иако ниту една од странките немаше прашања за претставникот). Потоа одбраната побара од судот издвојување на доказ, односно побара од судот да го издвои првиот изготвен вешт наод од 11.05.16 бидејќи истиот е изготвен по барање на ДПРМ, а не по наредба на ЈО, како и побараа од судот да не го прифати второто вештачење кое е наводно идентично со првото, освен во делот каде е наведено дека е изготвено по наредба на ЈО. Спорно за одбраната кај ова вештачење е тоа што во прилог не е доставена наредбата од ЈО, фактот што истото е изготвено на 16.06.2017 (повеќе од една година откако се случил настанот), како и тоа што истото е доставено во фаза кога не може да се доставуваат нови докази, а истото не се однесува на нови факти и околности за да може да биде прифатено во дополнение на доказната постапка. По ова судот даде прилика на спротивната страна (ЈО и оштетениот) да се изјасни по наводите на одбраната, кога повторно настана судир помеѓу судијата и ДПРМ, чиј претставник беше опоменат на записник поради тоа што истиот се произнесе по односн на оштетното побарување, а не и за наводите на одбраната и според судијата непотребно го оптоваруваше записникот. Со цел судот да одлучи по предлогот на одбраната, расправата се одложи за 06.03.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ПАВЛЕ БОГОЕВСКИ“ К.БР. 1526/16

Овој предмет е заведен под број К-1526/16. На рочиштето за главна расправа одржано на 17.01.2018 беше сослушан вештак од Националниот конзерваторски центар, односно надлежната институција која го изготвила второто вештачење во предметот. Во текот на директното испитување на вештакот се утврди дека првото направено вештачење е направено во незаконска процедура и од страна на ненадлежна институција, како и дека нанесената штета изнесува 15.000 денари, за разлика од утврдената штета од 1.7 милиони денари во првото вештачење. По ова ЈО го повлече обвинителниот предлог. Пресудата не беше објавена, ниту беше даден термин за објава, па истата веројатно писмено ќе им се достави на страните во постапката.

## ПРЕДМЕТ: „БОЖИНОВСКИ“ КОК 79/16

Предметот е заведен под број КОК-79/16. Рочиштето на 11.01.2018 не се одржа поради недостапност на предложениот сведок од страна на одбраната, расправата се одлага на 02.03.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ШПИОН“ КОК 99/16

Бројот на овој предмет е КОК-99/16. На денешното рочиште (23.01.2018) отсутен беше еден од обвинетите, како и двајца од бранителите. Покрај ова, судечкиот совет не располагаше со списите од предметот, поточно обвинителниот акт и добар дел од доказниот материјал, а кои се во Врховниот суд во процес на одлучување по Барање за заштита на законитоста. Расправата се одлага за 05.03.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „РОВЕР“ К.БР. 2454/15

Овој предмет е заведен под број К-2454/15. Еден од обвинетите беше отсутен поради болест, па судењето се одложи за 21.03.2018 во 10:00 часот.

## ПРЕДМЕТ: „ТОПЛИК“ КОК 57/17

На ден 30.01.2018 година се одржа рочиште по предмето број КОК-57/17. Во овој предмет има 6 лица обвинети за Злоупотреба на службената положба и овластување. Адвокатите на одбраната истакнаа приговор во однос не вештачењето направено од вештото лице врз основа на кој се темели обвинителниот акт. Тие побараа од судот да не се изнесе како доказ тоа вештачење бидејќи ќерката на вештакот е вработена во СЈО, а исто така вештакот кога го изготвувал вештачењето немал лиценца за вештачење и е актуелен директор на Агенцијата за катастар на недвижности. На ова СЈО приговараше дека согласно чл.238 ст.2 од ЗКП вештакот може да се изземе само доколку е во

работен однос со оштетениот или обвинетиот, на што одбраната на обвинетите истакна дека СЈО се јавува како оштетена страна во постапката бидејќи платите се финансирале од буџетот на РМ. Судот донесе одлука за овој приговор да се донесе писмено формално решение кое ќе биде дополнително доставено до странките. Наредното рочиште е насрочено за 08.03.2018 во 10:00

## ПРЕДМЕТ: „ТЕНК“ КОК 59/17

Првото рочиште по овој предмет заведен под број КОК-59/17 се одржа на 30.01.2018 година. Најпрво пред да почне судењето судот дозволи новинарите да ги снимаат обвинетите на обвинителна клупа, меѓутоа тоа го направи без да биде присутен еден обвинет кој што чекаше пред судница да излезат новинарите кои снимаа за веднаш после нив да влезе во судница. Откако започна судењето одбраната имаше приговор на тонското снимање на рочиштето во однос на поврзаноста со АКМИС системот. Судот се изјасни дека се запознаени со тој приговор истакнувајќи дека знаат дека на секој предмет одбраната го има истиот приговор. Судењето се одложи поради тоа што еден од обвинетите има нов адвокат кој што е ангажиран еден ден пред рочиштето па потребен му е временски период за да го проучи предметот. Исто така одбраната се пожали дека многу брзо се закажуваат рочиштата и во една недела се закажуваат рочишта по различни предмети за исти обвинети, па обвинетите и адвокатите немале доволно време за ефективна одбрана. Наредните рочишта се насрочени за 12.02.2018, 13.02.2018 и 16.02.2018 во 11:30 часот.

## ПРЕДМЕТ: „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК 52/17

Предметот на Специјалното Јавно Обвинителство под името „Траекторија“ на закажаното рочиште од 31.01.2018 година започна одново поради промена на судскиот совет. Пред отпочнување на рочиштето одбраната побара збор и бараше од судот да донесе Решение со право на жалба во врска со вештачењата и вештите лица кои се предложени во листата на докази Специјалното Обвинителство. По излагањата на одбраната и Специјалното Јавно Обвинителство рочиштето се одложи за 14.02.2018 година.

КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постпки


Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Февруари, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## ПРЕДМЕТ: „ТРЕЗОР“ КОК 60/17

На ден 05.02.2018 година се одржа рочиштето по предметот „Трезор“ каде што обвинети се 4 лица за Злоупотреба на службената положба и овластување. Рочиштето се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради тоа што се наоѓа во затворот во Република Грција. Судот има испратено барање за екстрадиција до судот во Република Грција. Судот наведе дека доколку не биде обвинетиот до тогаш екстрадиран ќе му постави адвокат по службена должност. Наредното рочиште е насрочено за 29.03.2018 година во 10:00 часот.

## ПРЕДМЕТ: „СОПОТ“ КОК 53/10

На ден 06.02.2018 се одржа рочиштето под број КОК-53/10 во јавноста познат под името „Сопот“. Во ово предмет обвинети се 10 лица.  Јавното обвинителство даде предлог за да им се суди во отсуство на обвинетите кои што не се достапни на органите на прогон. Обвинетите останаа на истиот исказ од претходното рочиште. Сведокот кој што бил испрашан еднаш пред стариот судски совет, на ова рочиште повторно беше сослушан. Судскиот совет ги извести присутните дека на наредното рочиште ќе биде исклучена јавноста поради сослушување на сведоци. Наредното рочиште е закажано за 02.03.2018 во 11:00.

## ПРЕДМЕТ:  „ЗИЈАДИН СЕЛА“ К.БР. 1893/17

На ден 08.02.2018 година започна судењето на предметот бр.К-1893/17. Во овој предмет обвинети се 10 лица за обид за убиство. На ова рочиште беа испитувани двајца сведоци предложени од Јавното обвинителство. На ден 18.02.2018 година продолжи судењето со ново рочиште пред нов изменет судски совет на кое беше испитуван оштетениот Зијадин Села. На ден 19.02.2018 година продложи судењето со испитување на две вешти лица кои беа предложени од Јавното обвинителство. Наредното рочиште е насрочено за 19.03.2018 година во 10:00.

## ПРЕДМЕТ: „ТОТАЛ“ К.БР. 1493/17

Предметот Тотал е распределен кај нов судски совет. Рочиште се одложи поради отсуство на обвинетиот. Наредното рочиште се закажа на 30.03.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ТНТ“ КОК 53/17

На рочиштето закажано за 09.02.2018 година по предметот ТНТ одбраната побара прекин на рочиштето поради тоа што на истиот ден го добија записникот од претходното рочиште и им било потребно време за подготвување на воведните говори. Судот ја извести одбраната дека ќе им биде овозможено во просториите на судот да ги преслушуваат снимките и дека во секој момент ќе може да им бидат презентирани. Рочиштето закажано на 15.02.2018 се одложи поради тоа што одбраната вршеше увид во доказите. Во овој предмет обвинети се 7 лица за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување. Наредното рочиште е закажано за 12.03.2018 година во 10:00 часот.

## ПРЕДМЕТ: „ТЕНК“ КОК 59/17

На ден 12.02.2018 година се одржа рочиштето по предметот бр. КОК-59/17. Во овој предмет обвинети се 3 лица за Злоупотреба на службената положба и овластување. Одбраната приговараше на надлежноста на СЈО, на тоа дека не им се доставени аудио снимките што се докази од страна на СЈО, 4 аудио снимки да се одбијат како докази поради тоа што се јавно објавени и да се одбијат вештаците како предложени докази на СЈО поради истечени лиценци на вештаците. Судот ги одби сите приговори како неосновани. На ден 16.02.2018 расправата по овој предмет продолжи со давање на воведни говори од страна на Специјалното јавно обвинителство, а одбраната даде забелешки дека неможат да дадат воведни говори поради тоа што ги немаат преслушано аудио снимките. Наредните три рочишта се закажани за 12.03, 15.03 и 21.03 на кои што ќе започне доказна постапка со сослушување на сведоци.

## ПРЕДМЕТ: „МОНСТРУМ“ КОК 66/17

Рочиштето за главен претрес насрочено на 12.02.2018 година започна со читање на обвинителниот акт од страна на јавниот обвинител. Во овој предмет се суди на повеќе обвинети, од кои во отсуство на две лица, но во предметот недостигаше обвинението против еден од обвинетите за кого започнала посебна постапка која подоцна била спoена со главниот предмет (КОК-66/17), што беше и причина за одлагање на претресот. Следното рочиште е закажано за 14.03.2018 и треба да продолжи со распит на обвинетите.

## ПРЕДМЕТ: „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК 52/17

Пред почнување на расправата по овој предмет одбраната изнесе приговори во однос на постапката. Судот ја одложи расправата за 01.03.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „НИКОЛА ТОДОРОВ“ К.БР. 1834/17

На ден 14.02.2018 година се одржа рочиштето за предметот „Никола Тодоров“ каде што обвинето е едно лице за обид за убиство и неовластено изработување, држење, посредување и трговија со оружје или распрскувачки материи. Рочиштето беше одложено поради тоа што списите на предметот се во Апелација за одлучување по жалба за притвор. Судот исто така прибавил информации дека лиценците на вештаците биле истечени во моментот кога било извршено вештачењето.

Рочиштето насрочено за ден 21.02.2018 година се одложи поради тоа што решението по жалба сé уште не беше изготвено. Расправата се одложи за 12.03.2018 година како би имало време да се изготви решението, и странките да вложат жалба доколку сметаат дека тоа е потребно.

## ПРЕДМЕТ: „ТРУСТ“ К.БР. 1459/17

На рочиштето од 08.02.2018 се продолжи со директно испитување на вештакот од страна на одбранта односно бранителите само на 1во обвинетиот. Другите обвинети и нивните бранители немаа прашања. Специјалното јавно обвинителство го испита сведокот /вештак вкрстено и директно после поденсено барање до претседателот на советот за таков начин на испитување. Наредното рочиште е закажано за 06.03.2018г.

## ПРЕДМЕТ: „ТЕНДЕРИ“ КОК 64/17

Расправата по овој предмет на Специјалното јавно обвинителство не ни започна. Одбраната поднесе приговори за кои судот дополнително ќе одлучи. Наредната расправа е закажана за 13.03.2018 г. Во овој предмет се обвинети 3 лица од кои 1 од обвинетите како службено лице министер и 2 лица, вработени во Министерството за култура како членови на комисјата за јавни набавки за сторено кривично дело злоуотреба на службената положба и овластување.

## ПРЕДМЕТ: „ТРАНСПОРТЕР“ КОК 30/17

На рочиштето од 21.02.2018 година се започна со давање на воведни говори на обвинителството, а потоа воведни говори дадоа и бранителите на обвинетите. Право на воведен говор имаат и обвинетите па на рочиштето од 21.02.2018 тоа право го искористија двајца обвинети, а поради крај на работно време на судот наредниот ден на 22.02.2018 се продложи со давање на воведни говори од страна на обвинетите во овој предмет.

Потоа обвинетите беа поучени за своите права во постапката, и дали признаваат вина на што сите 21 обвинет се изјаснија пред судот дека не признаваат вина. Наредното рочиште закажно за 07.03.2018 година ќе продолжи со изведување на докази.

## ПРЕДМЕТ: „ТАРИФА“ КОК 51/17

Рочиштето на 13.02.2018 продолжи во доказна постапка со изведување докази/сведоци на Специјалното јавно обвинителство. Првиот сведок беше директно испрашуван од страна на Специјалното јавно обвинителство а потоа одбраната имаше можност за вкрстено испитување на сведокот. Поради здравствени причини на вториот сведок на Специјалното јавно обвинителство, неговото испитување се одложи за 01.03.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ТИФАНИ“ К.БР. 144/18

Првото рочиште по овој предмет се одржа на 19.02.2018 година. Обвинето е едно физичко и едно правно лице за кривично дело Даночно затајување. На ова рочиште имаше признание на вина од страна на обвинетата. Судот ја донесе следната пресуда: Обвинетата се огласува за виновна и се определува алтернативна мерка – Условна осуда во траење од 2 години затвор која казна нема да се реализира доколку во следните 4 години не стори ново кривично дело, воедно и се определува парична казна во износ од 1000 евра во денарска противредност и се задолжува да ја надомести штетата од 1.671.611 денари за затаениот персонален данок како и 1.145.979 денари за правното лице кое престанало да постои во 2013 година. Воедно на правното лице опфатено во обвинението, му се изрекува парична казна од 200.000 денари, а согласно член 100 од КЗ се конфискува имотната корист од кривичното дело на правното лице во износ од 1.038.698 денари.

## ПРЕДМЕТ: „ТРИСТА“ КОК 40/17

На рочиштето одржано на 19.02.2018 се даваа воведни говори од страна Специјалното јавно обвинителство. Одбраната во овој предмет не даде воведен говор. Расправата се одложи за 20.03.2018.



КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постпки


Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Март, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## ПРЕДМЕТ: „ПОТКУП“ КОК 62/16

Предметот е вратен од Апелација со напатствија за понискиот суд. Следствено на ова одбраната пред започнување на расправата побара од судот да одлучи за изведување на доказите - ПИМ кои ги предлага обвинителството со образложение дека не се законски прибавени. Судот го одби барањето на одбраната како неосновано.

Расправата продолжи со давање на воведни говори од страна на Основното Јавно Обвинителство - кои воведни се сведоа на читање на обвинителниот акт, а потоа воведни говори дадоа 3цата адвокати на обвинетиот. Воведен говор даде и обвинетиот.

Одбраната и обвинетиот побараа од судот јавност во оваа постапка без исклучување од доказната постапка, како што налага законот.

Судот после кратка пауза донесе решение со кое го одобри барањето на одбраната за присуство на јавноста но поради немање на технички услови за изведување на доказите, рочиштето се одложи за 26.03.2018.

На 26.03.2018 судот во врска со одлуката за дозволување на јавност, соопшти дека јавното обвинителство поднело поднесок со кој бараат изготвување на посебно решение за дозволување на јавност со право на жалба бидејќи сметаат дека јавноста треба да се исклучи при изведување на овие докази. Судот кажа дека по ваквото барање е постапено и дека чекаат повисокиот суд да одлучи во врска со ова прашање.

На расправата се испитуваше сведок предложен од страна на јавното обвинителство.

Сведокот беше испитан преку директно испрашување од страна на Јавниот Обвинител, а потоа беше вкрстено испрашуван од страна на одбраната и обвинетиот. Судот го искористи своето право согласно ЗКП и пристапи кон испитување на сведокот со цел да се дообјасни фактичката состојба. Наредната расправа е закажана за 12.04.2018.

## ПРЕДМЕТ: „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ К.БР. 1904/16

Рочиштето се одложи поради отсуство на обвинет за кого неговиот бранител достави до судот лекарска документациј. На ова СЈО приговараше и објасни дека обвинетиот веќе 3 пати се обидува да не присуствува на судењето и побара од судот да му се определи притвор. На ваквото барање приговараше неговиот бранител. Судот го одби ваквото барање на Специјалното јавно обвинителство поради тоа што не се исполенти законските претпоставки за определување притвор со оглед дека има лекарска документација. Бидејќи немаше услови за одржување на рочиштето истото се одложи.

## ПРЕДМЕТ: „РОВЕР“ К.БР. 2454/15

Поради отсуство на двајца обвинети кои не се достапни на органите на прогонот расправата се одлага за 23.05.2018г.

## ПРЕДМЕТ: „ЗИЈАДИН СЕЛА“ К.БР. 1893/17

На рочиштето закажано на 19.03.2018 година беа испитани тројца сведоци предложени од страна на Јавното обвинителство. Наредното рочиште е насрочено на 10.04.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ТОТАЛ“ К.БР. 1493/17

На денешното рочиште расправата се одложи поради отсуство на обвинетиот кој преку неговите бранители достави лекарска документација за неговото отсуство.

Судијата термините закажани за месец Април не ги отповика на барање на бранителите со образложение дека можеби обвинетиот ќе биде присутен на некое од нив. Специјалното јавно обвинителство го извести судот дека се запознати со ваквата состојба и дека позитивно се произнеле, но бараат од судот и од одбраната да се направат сите напори за да може судењето да започне.

## ПРЕДМЕТ: „ТНТ“ КОК 53/17

Пред почеток на расправата насрочена на 16.03.2018г., одбраната до судот даде поднесок кој усно го образложи, а се однесуваше на констатација на одбраната дека по направениот увид во списите од предметот и доказите, утврдиле дел од доказите предложени во листата на СЈО не се доставени ниту до одбраната ниту до судот. На ова реагираа обвинителите кои истакнаа дека доказите со записник се доставени до одбраната пред повеќе од еден месец и истите имале време да откријат доколку некој доказ недостасува, па поради тоа се противеа расправата да се одложи. Судот го одби барањето за одлагање, но ги задолжи обвинителите од СЈО да ги достават доказите кои недостасуваат. По ова, одбраната бараше да им се овозможи да извршат дополнување на воведниот говор. Иако законот не познава ваква можност, судот констатирајќи го истото сепак им дозволи на бранителите повторно да дадат воведен говор. По повторните воведни говори судот предложи да се отстапи од редоследот на изведување на доказите предложени во листата на обвинителството бидејќи не беа дојдени сведоците кои треба да се испитуваат, па во интерес на времето судот сакаше да бидат изведени аудио снимките како материјален доказ. На ова се противеше одбраната поради тоа што не биле подготвени за овие докази, па расправата на крајот сепак се одложи за 05.04.2018г.

## ПРЕДМЕТ: „ТЕНК“ КОК 59/17

На рочиштето одржано на 12.03.2018 година беа испитувани 4 сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението. Пред почетокот на рочиштето за главна расправа закажано за 15.03.2018 присутните претставници на јавноста беа легитимирани од страна на службениците во судот и списокот со податоци беше предаден на судечкиот совет, кој подоцна овие податоци ги внесе на записник.

Расправата продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на тројца сведоци на обвинителството. Директното испитување се одвиваше коректно и при истото немаше вложено приговори од одбраната. По завршување на директното испитување на секој сведок поединечно, одбраната се откажа од вкрстеното испитување. Со оглед на тоа што истите овие сведоци се предложени и со листата на докази на одбраната, но без да биде наведено на кои околности ќе бидат испитани сведоците, судот побара од одбраната да се произнесе за истото. По ова, одбраната ги повлече предлозите за директно испитување на овие сведоци, а обвинителството се согласи. На 21.03.2018 година беа испитани пет сведоци. Наредното рочиште е насрочено за 10.04.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „МОНСТРУМ“ КОК 66/17

Рочиштето за главна расправа насрочено на 14.03.2018г. се одложи поради тоа што СЈО поднело барање за преземање на предметот, кој им бил предаден, а во меѓувреме се чека на одлука од СЈО во врска со преземањето. Поради тоа, расправата се одлага за 17.04.2018г.

## ПРЕДМЕТ: „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК 52/17

На рочиштето од 01.03.2018 се дадоа воведни говори по овој предмет додека на рочиштето од 20.03.2018 беше закажно рочиште за започнување со доказна постапка, но поради неможност на двајца од бранителите поради други обврски по друг предемт рочиштето се одложи за 17.04.2018.

## ПРЕДМЕТ: „ТОРТУРА“ К.БР. 1959/17

Рочиштето се одложи поради отсуство на 1во обвинетиот.

## ПРЕДМЕТ: „ШПИОН“ КОК 99/16

Поради отсуство на бранител кој оправдано и уредно го известил судот рочиштето се одложи за 19.04.2018.

## ПРЕДМЕТ: „АЛМИР“ К.БР. 21/17

На рочиштето од 05.03.2018 беа испитувани двајца сведоци предложени од страна на одбраната. На 15.03.2018 година јавниот обвинител и полномошникот на оштетените дадоа завршни зборови, во кој што јавниот обвинител го преквалификува кривичното дело од чл.123 ст.2 т.3 во чл. 300 ст.2 вв. чл.297 ст.1. Наредните рочиште е закажано за 02.04.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ЛЕВИЦА“ К.БР. 986/16

Рочиштето на 06.03.2018 година беше одложено затоа што предметот е во Апелациониот суд и сеуште не е вратен. Наредното рочиште е насрочено за 03.05.2018

## ПРЕДМЕТ: „ТОПЛИК“ КОК 57/17

Рочиштето закажано на 08.03.2018 година беше одложено поради отсуство на второобвинетиот заради влошена здравствена состојба. На рочиштето закажано на 30.03.2018 беа дадени воведни говори од страна на Специјалното јавно обвинителство и одбраната на обвинетите и самите обвинети. Наредното рочиште е насрочено за 20.04.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „МАРИГЛЕН“ К.БР. 1271/16

На 09.03.2018 година рочиштето беше одложено по барање на јавниот обвинител за увид на доакзи во друг кривичен предмет што се води пред истиот суд. Наредното рочиште е насрочено на 08.05.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ТИТАНИК 3 К.БР. 1905/17

Рочиштето закажано на 16.03.2018 година беше одложено поради отсуство на второобвинетиот кој што бил на службено патување. Наредното рочиште е насрочено на 27.04.2018 година

## ПРЕДМЕТ: „ТРУСТ“ К.БР. 1459/17

На 06.03.2018 расправата се одложи поради отсуство на 1во обвинетиот во овој случај. Неговиот бранител достави лекарска документација. Наредното рочиште се закажа за 29.03.2018 година. На ова рочиште се испитуваше директно сведок на одбраната- технички советник. Вкрстеното испитување на сведокот се закажа за 05.04.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ТЕНДЕРИ“ КОК 64/17

На рочиштето закажано на 13.03.2018 година беа дадени воведните говори од страна на Специјалното Јавно Обвинителство и од страна на одбраната на обвинетите како и од самите обвинети. Наредното рочиште е насрочено на 13.04.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ТРАНСПОРТЕР“ КОК 30/17

На рочиштето одржано на 07.03.2018 година беа испитани двајца сведоци предложени од застапникот на обвинението.

## ПРЕДМЕТ: „ТАРИФА“ КОК 51/17

На рочиштето од 01.03.2018 година беа испитани двајца сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението. На рочиштето од 22.03.2018 се испитуваа двајца сведоци предложени од страна на Специјалното Јавно Обвинителство. Наредното рочиште е закажано за 11.04.2018 година.

## ПРЕДМЕТ: „ТРИСТА“ КОК 40/17

На рочиштето закажано на 20.03.2018 година беа испитани пет сведоци предложени од страна на Јавното обвинителство. На рочиштето закажано на 23.03.2018 година беа испитани четворица сведоци предложени од страна на Јавното обвинителство. На 28.03.2018 година беа сослушани сведоци, поради тоа што еден сведок не беше присутен поради здравствени причини, Специјалното Јавно Обвинителство предложи да се прочита исказот даден во претходна постапка. Судот го дозволи предлогот, наредното рочиште е насрочено за 03.04.2018 година.



КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постпки

### Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

Април, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ:

### „АЛМИР“ КБР. 21/17

На рочиштето одржано на ден 02.04.2018 година во овој предмет беа дадени завршните зборови на одбраната на обвинетите. На 05.04.2018 година судот ја соопшти пресудата со која на првообвинетиот му се изрече казна затвор во времетраење од 6 години, а на останатите тројца обвинети изречена им е затворска казна во времетраење од 6 месеци.

### „ТРИСТА“ КОК-40/17

Во месец април по овој предмет имаше одржано три рочишта. На првото рочиште одржано на 03.04.2018 година беа испитани седум сведоци предложени од страна на Специјалното Јавно Обвинителство. На истото рочиште беа презентирани и материјалните докази на СЈО т.е аудио снимките. На рочиштето одржано на 24.04.2018 година Специјалното Јавно Обвинителство ги изведе и останатите писмени докази.

### „ТНТ“ КОК-53/17

На рочиштето на ден 05.04.2018 одбраната на обвинетите достави до судот предлог за изземање на судскиот совет, на судиите Иван Џолев, Пајазит Пајазити од Основен суд Скопје 1 како и на судиите Лидија Димчевска и Сафет Кадриу од Апелациониот Суд во Скопје. Судот предлогот го достави до Врховниот Суд. Рочиштето на 13.04.2018 година беше одложено поради тоа што Врховниот суд се немаше сеуште произнесено по предлогот. Наредното рочиште е насрочено на 04.05.2018 година.

### „ЗИЈАДИН СЕЛА “КБР.1893/17

Во текот на месец април имаше одржано пет рочишта. На секое од рочиштата на 10.04.2018, 16.04.2018 и на 18.04.2018 беа испитани по тројца сведоци предложени од страна на Јавното Обвинителство. На рочиштето на 25.04.2018 година беа изведени писмените докази на обвинението. На рочиштето кое што се одржа на 27.04.2018 година беа изведени материјалните докази на застапникот на обвинението, беа гледани видео снимки кои што се прибавени како докази. На наредното рочиште ќе се продолжи со изведување на останатите докази и ќе почнат да се изведуваат доказите на одбраната на обвинитите. Наредните рочишта се насрочени на 04.05, 17.05, 23.05, 28.05, 31.05.2018 година.

## „ТЕНК “КОК-59/17

Во месец април по овој предмет беа одржани шест рочишта. Расправата на 10.04.2018 година започна во 10,30 часот. Пред почнување на расправата советот ги извести присутните дека одбраната поднела барање за изземање на судечкиот совет во овој предмет како и изземање на претседателот на Кривичниот суд. Судечкиот совет веднаш даде пауза од еден саат (1) за одлучување по ваквите барања од страна на одбраната. По поминат еден саат се даде уште еден саат пауза бидејќи сеуште не беше одлучено од страна на Апелациониот суд. По одлуката на повискоиот суд следуваше уште една пауза од 10тина минути за одлучување по барањето за изземање на Судечкиот совет за кој одлучува претседателот на Кривичниот суд. Првото барање беше отфрлено од страна на судот како недозволено, додека другото барање беше одбиено како неосновано. Бранителот на двајца обвинети во овој предмет повторно побара изземање на советот кој суди во овој предмет. Советот даде пауза од 20 мин за одлучување по ваквото барање. Судот донесе решение со кое го одби ваквото барање.

Потоа, рочиштето продолжи во доказна постапка каде беа испитани тројца сведоци повикани од страна на Специјалното Јавно Обвинителство. По испитување на сведоците на Обвинителството се пристапи кон изведување на другите докази на обвинителството односно изведување на матријални докази на обвинителството - слушање на разговорите. Одбраната пред изведување на овие осум снимки, приговараше по различни основи. По овие приговори судот даде пауза од 30 мин за одлучување по истите. Судот ги одби барањата на одбраната, и се пристапи кон изведување на снимиките од кои четири биле јавно објавени а четири не. Одбраната даде приговор по овие докази согласно закон. Расправата заврши во 21,30 часот.

На 11.04.2018 година беа изведени писмените докази на застапникот на обвинението и се почна со изведување на доказите на одбраната, односно беа испитани двајца сведоци предложени од одбраната. На 18.04.2018 година обвинетата беше спречена да присуствува поради боледување. Специјалното Јавно Обвинителство даде предлог пред судот да се раздвои постапката за обвинетата поради тоа што во медицинската забелешка не е наведено колку е времетраењето на боледувањето. Судот го прифати предлогот на СЈО и ја раздвои постапката за обвинетата и оформи нов предмет под број КОК-21/18, а рочиштето продолжи со испитување на сведок предложен од одбраната. На 20.04.2018 година беа испитани единаесет сведоци предложени од одбраната. На 23.04.2018 година се продолжи со испитување на сведоците на одбраната и беа испитани осум сведоци. На расправата од 25.04.2018 се изведуваа докази на одбранта и на истата беа повикани двајца сведоци на одбраната и двајца вештаци кои имале изготвени вештачења по наредба на Специјалното јавно Обвинителство. Бидејќи одбраната ги имаше предложено како сведоци тие ги испитуваа во директно испрашување. СЈО достави до судот нови докази побара судот да ги прифати. Судот ги извести дека ова е фаза на изведување на докази на одбраната и во овој момент неможе да се изјасни дали ќе ги прифати или не, тоа ќе биде по изведување на сите докази на одбраната. Двајцата обвинети во овој предмет се изјаснија пред судот дека лично тие ќе дадат и своја одбрана, односно ќе бидат сослушани пред судот. На наредното закажано рочиште ќе се изведуваат писмени/материјални докази на одбраната. Наредното рочиште е закажано за 08.05.2018 година.

## „ТИТАНИК “КОК-7/18

Расправата на 02.04.2018 се одложи по барање на одбраната а заради вршење увид во овој предмет. На ден 12.04.2018 година започна судењето за овој предмет. Одбраната на обвинетите достави до судот предлог за изземање на судскиот совет, на судиите Иван Џолев, Пајазит Пајазити од Основен суд Скопје 1 како и на судиите Лидија Димчевска и Сафет Кадриу од Апелациониот Суд во Скопје. Судот предлогот го достави до Апелациониот суд. Рочиштето на 26.04.2018 година се одложи поради тоа што Апелациониот суд се немаше сеуште произнесено по предлогот. Наредното рочиште е насрочено на 02.05.2018 година.

## „ТРАНСПОРТЕР “КОК-30/17

На ден 13.04.2018 година беше одржано рочиштето на кое што одбраната на обвинетите достави до судот предлог за изземање на судскиот совет, на судиите Иван Џолев, Пајазит Пајазити од Основен суд Скопје 1 како и на судиите Лидија Димчевска и Сафет Кадриу од Апелациониот Суд во Скопје. Судот овој предлог го одби како неоснован. Рочиштето продолжи со испитување на двајца сведоци. На 27.04.2018 година на одржаното рочиште беа испитани четири сведоци предложени од страна на Специјалното Јавно Обвинителство. Наредните расправи се закажани за 11.05 и 30.05.2018 година.

## „МОНСТРУМ “КОК-66/17

На ден 17.04.2018 година започна одново да се суди предметот под име Монструм, за кој Специјалното Јавно Обвинителство воспостави надлежност. Рочиштето беше одложено поради тоа што еден од обвинетите не беше присутен. Наредното рочиште е насрочено на 16.05.2018 година.

## „ТРАЕКТОРИЈА “КОК-52/17

На рочиштето одржано на 17.04.2018 година најпрво одбраната на обвинетите достави до судот предлог за изземање на судскиот совет, на судиите Иван Џолев, Пајазит Пајазити од Основен суд Скопје 1 како и на судиите Лидија Димчевска и Сафет Кадриу. Судот овој предлог го одби како неоснован. Рочиштето продолжи со изведување на материјалните докази т.е аудио снимките на Специјалното Јавно Обвинителство. Наредните рочишта се насрочени за месец мај.

## „ШПИОН„ КОК-99/16 И „БОЖИНОВСКИ “КОК-79/16

На ден 19.04.2018 година беше одржано рочиште на кое Судот соопшти дека овие два предмети ќе бидат споени во еден предмет. Наредното рочиште е насрочено на 17.05.2018 година.

## „ПОТКУП “КОК-62/16

На денешната расправа се изведоа писмени докази на Основото јавно обвинителство кој ги читаше пред судот.Одбраната приговараше најпрво на исказот на сведокот од минатата расправа дека не бил согласно одредбите на ЗКП и побараа од судот да го издвои од доказите при донесување на пресудата. Исто така по изведување на писмените докази одбраната приговараше на истите како ирелевантни докази за докажување на фактите од обвинението. На рочиштето беа изведени докази добиени со ПИ-мерки за кои судот ја исклучи јавноста, согласно законот.

## “ТАРИФА “КОК-51/17

На рочиштето од 24.04.2018 се испитуваа 2ца сведоци на Специјалното јавно обвнителство. На рочиштето од 26.04.2018 пак беа повикани двајца сведоци на обвинителството кои беа директно испитани од страна на СЈО.Наредното рочиште е закажано за 07.05.2018. Исто така беа определени датуми за месец мај и тоа 07.05, 10.05, 16.05 ,22.05 и 29.05.2018 година.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На рочиштето одржано на 11.04.2018 година по овој предмет без изведени материјалните докази на Специјалното јавно Обвинителство, односно беа пуштени аудио снимките.

## „ТРУСТ“ КБР. 1459/17

На рочиштето на 24.04.2018 година по овој предмет беше сослушан вештак. Наредното рочиште е насрочено за 08.05.2018 година.

## „ОПШТИНА ЦЕНТАР “КБР. 1904/16

На рочиштето на 19.04.2018 година одбраната на обвинетите достави до судот предлог за изземање на судскиот совет, на судиите Иван Џолев, Пајазит Пајазити од Основен суд Скопје 1 како и на судиите Лидија Димчевска и Сафет Кадриу од Апелациониот Суд во Скопје. Рочиштето беше одложено за да се произнесе судот по овој предлог.

## „ОПШТИНА ЦЕНТАР “(РАЗДВОЕНА ПОСТАПКА) КБР.1747/17

На рочиштето на 13.04.2018 година застапникот на обвинението го прецизираше обвинителниот предлог.

## „ЗМИСКО ОКО “КОК-38/16

Рочиштето беше одложено за 30.05.2018 година.



КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постпки

**Коалиција „Сите за правично судење“**


Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000
00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Мај, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ:

### „ТРИСТА“ КОК-40/17

На ден 03.05.2018 година на одржаното рочиште по овој предмет беа испитани вештакот и техничкиот советник на одбраната. На наредното рочиште кое се одржа на 10.05.2018 година беше испитуван обвинетиот, а потоа без изведени и дополнителни докази на обвинителството и на одбраната. На 16.05.2018 година откако заврши доказната постапка, обвинителството и одбраната ги дадоа своите завршни зборови. На ден 22.05.2018 година беше јавно објавена пресудата за овој предмет. Судот донесе пресуда дека обвинетиот е виновен за стореното кривично дело и изрече ефективна казна затвор од 9 години и да ја надомести штетата во износ од 450.000 евра. Обвинителството побара притвор за обвинетиот поради страв од бегство, што судот го прифати предлогот и веднаш обвинетиот беше спроведен во притвор.

### „ЗИЈАДИН СЕЛА“ КБР.1893/17

На ден 04.05.2018 година на одржаното рочиште по овој предмет беа изведувани материјалните докази на јавното обвинителство односно видео снимките, откако беа исцрпени доказите предложени со обвинителниот акт се продолжи со изведување на доказите на одбраната и се сослушаа двајца сведоци. На 15.05.2018 година се одржа рочиште на кое што беше испитуван еден сведок на одбраната. На 17.05.2018 година беа испитани двајца сведоци предложени од одбраната. На 23.05.2018 година на одржаното рочиште се започна со испитување на обвинетите. На 28.05.2018 година исто така се продолжи со испитувањето на обвинетите од страна на одбраната и јавниот обвинител. На 31.05.2018 година беа изведени дополнителните докази на обвинението.

### „ПОТКУП„ КОК-62/16

На рочиштето на 07.05.2017 година по овој предмет беше испитуван обвинетиот со директно испитување од страна на бранителите и со вкрстено испитување од страна на јавното обвинителство. На ден 09.05.2018 година беа презентирани материјалните докази на одбраната. На 15.05.2018 година откако заврши доказната постапка се пристапи кон давање на завршни зборови на јавното обвинителство и одбраната. Јавното обвинителство во своите завршни зборови изврши преквалификација на кривично дело од чл.357 ст.1 од КЗ во чл.357 ст.2 од КЗ. На 21.05.2018 година беше јавно објавена пресудата со која судот го ослободи од обвинение обвинетиот поради тоа што јавното обвинителство не успеало да докаже дека обвинетиот го сторил кривичното дело.

## „ТЕНК“ КОК-59/17

На одржаното рочиште на ден 08.05.2018 година беа изведени писмените докази на одбраната. На ден 17.05.2018 година беа дадени завршните зборови на специјалното јавно обвинителство, на одбраната и на обвинетите. Објавувањето на пресудата беше закажана на 23.05.2018 година на кој ден судот ја објави и ги прогласи за виновни обвинетите и изрече ефективни казни затвор во времетраење од 6,5 години и 2 години.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На ден 09.05.2018 година на одржаното рочиште по овој предмет беше утврден идентитетот на обвинетите, а потоа следеше воведниот говор на специјалното јавно обвинителство. На ден 21.05.2018 година започна одбраната со давање на воведни говори, потоа и на рочиштето на 28.05.2018 се продолжи со давање на воведните говори на одбраната и обвинетите. На ова рочиште судот ги информираше странките дека еден од обвинетите кој беше во куќен притвор има дадено гаранција па Кривичниот совет донел решение да биде укината оваа мерка. На 31.05.2018 година рочиштето беше одложено поради отсуство на една од обвинетите. Наредното рочиште е насрочено на 03.07.2018 година.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На одржаното рочиште по овој предмет на ден 10.05.2018 година беа дадени воведните говори на специјалното јавно обвинителство. На ден 22.05.2018 година постапката продолжи со давање на воведни говори од страна на одбраната и обвинетите.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

Рочиштето на ден 11.05.2018 година беше одложено поради отсуство на обвинетите.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 16.05.2018 година овој предмет започна со читање на обвинението и распит на обвинетите. На ден 23.05.2018 година се продолжи со распитот на обвинетите и беа испитани двајца обвинети.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На ден 11.05.2018 година рочиштето по овој предмет се одложи поради отсуство на сведоците. На 30.05.2018 година на одржаното рочиште беа испитани четворица сведоци предложени од специјалното јавно обвинителство.

### „НИКОЛА ТОДОРОВ“ КБР.739/18

Рочиштето на ден 30.05.2018 година беше одложено поради тоа што сеуште не била изготвена лиценцата на вештакот.

### „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

Рочиштето на ден 30.05.2018 година беше одложено поради отсуство на обвинетиот.

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На ден 23.05.2018 година на одржаното рочиште по овој предмет започна да се презентираат материјалните докази односно аудио снимките предложени во обвинението. Беа презентирани 10 аудио снимки. На 29.05.2018 година се продолжи со презентирање на аудио снимките кои се докази предложени во обвинителниот акт.

### „ТАРИФА“ КОК-51/17

На ден 07.05.2018 година на одржаното рочиште по овој предмет беа испитувани тројца сведоци предложени од специјалното јавно обвинителство. Рочиштето на 16.05.2018 година беше одложено, а на рочиштето на 29.05.2018 година беше утврден редоследот на изведување на доказите.

### „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

Рочиштето закажано на 07.05.2018 година по овој предмет беше одложено поради отсуство на третообвинетиот кој преку својот бранител достави до судот медицинска забелешка за неговото отсуство.

### „ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17

На 08.05.2018 година рочиштето беше одложено поради непотполн судски совет. На рочиштето закажано на 11.05.2018 година најпрво одбраната на обвинетите достави предлог до судот за изземање на специјалното јавно обвинителство. Судот овој предлог го отфрли како недозволен. Во продолжение на ова рочиште застапниците на обвинението ги дадоа своите воведни говори, а потоа и бранителите на обвинетите и двајцата обвинети дадоа воведни говори пред судот за овој предмет.

### „ТРУСТ“ КБР.1459/17

Рочиштето на 08.05.2018 година беше одложено поради отсуство на обвинетиот. На 22.05.2018 година на одржаното рочиште по овој предмет беше испитуван првообвинетиот од страна на одбраната и застапниците на обвинението.

## „ЛЕВИЦА“ КБР.986/16

Рочиштето на 03.05.2018 година беше одложено поради отсуство на судијата.

## „МАРИГЛЕН“ КБР.1271/16

На ден 08.05.2018 година рочиштето беше одложено поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ (раздвоена постапка) КБР.1747/17

Рочиштето на 03.05.2018 година се одложи на барање на одбраната бидејќи обвинетиот бил претходно физички нападнат и не бил во состојба да го следи судењето.

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

Јуни, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

Рочиштето на ден 01.06.2018 година беше одложено поради отсуство на еден од обвинетите во овој случај. На 06.06.2018 година постапката по овој предмет продолжи со сослушување на сведоци. Беа испитани двајца сведоци. На 22.06.2018 година постапката продолжи со испитување на двајца сведоци предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На ден 04.06.2018 година се изведуваа писмените докази кои што се предложени со листата на докази во обвинителниот акт. Беа изведени 15 писмени докази. На 05.06.2018 година исто така се продолжи со изведување на писмените докази. На ова рочиште беа изведени 128 писмени докази. На 12.06.2018 и 26.06.2018 година постапката по овој предмет продолжи со изведување на писмените докази.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 11.06.2018 година се изведуваа аудио снимките како докази наведени во листата на докази на обвинителниот акт. Беа презентирани 26 аудио снимки и 64 смс пораки.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На рочиштето на 12.06.2018 година беа повикани на распит 6 сведоци. Беа испитани тројца сведоци од страна на судот, јавните обвинители и одбраната. На 25.06.2018 година беа испитани двајца сведоци и беше презентирана видео снимка на која еден од обвинетите дава исказ пред истражен судија.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 19.06.2018 година се одржа рочиште по овој предмет. Најпрво постапката беше раздвоена за обвинетата поради здравствената состојба во која се наоѓа, а потоа судот донесе решение да се раздвои постапката и за обвинетите кои што не се достапни на органите на прогон и се наоѓаат во Република Грција. Одбраната достави предлог до судот постапката за обвинетите да се запре. Судот го одложи рочиштето поради советување и гласање по овој предлог.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 20.06.2018 година се изведуваа писмените докази предложени од страна на специјалното јавно обвинителство. Наредното рочиште е насрочено на 13.07.2018 година.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 26.06.2018 година се изведуваа аудио снимките како докази наведени во листата на докази на обвинителниот акт. Беа презентирани 76 аудио снимки.

## „ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17

Рочиштето на ден 19.06.2018 година беше одложено по барање на одбраната поради службени обврски на обвинетите. На 28.06.2018 година на одржаното рочиште постапката продолжи со испитување на сведоци.

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

Рочиштето на 13.06.2018 година беше одложено поради отсутво на еден обвинет за кој што беше доставена и медицинска документација.

## „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ (раздвоена постапка) КБР.1747/17

Рочиштето на 05.06.2018 година беше одложено поради отсуство на обвинетиот.

## „ЗИЈАДИН СЕЛА“ КБР.1893/17

Откако јавниот обвинител изврши измени и преквалификација на обвинителниот акт и кривичното дело за дел од обвинетите на претходното рочиште, со преквалификацијата еден од обвинетите беше ослободен од обвинение, а за двајца обвинети делото беше преквалификувано од обид за убиство во кривично дело насилство. На ден 11.06.2018 година обвинетите се произнесоа по признание на вина и признаа дека се виновни и дека го сториле делото кое им се става на товар со преквалификацијата што ја изврши јавниот обвинител. По дадените изјави за признание на вина, судот ја раздвои постапката и формираше нов кривичен предмет. На 13.06.2018 година судот ја објави пресудата со која еден од обвинетите е осуден на ефективна казна затвор од 3 години, а другиот обвинет е осуден на ефективна казна затвор од 1 година и 2 месеци.

## „ТРУСТ“ КБР.1459/17

На рочиштата одржани на 07.06.2018 и 14.06.2018 година беа испитувани обвинетите од страна на обвинителството и одбраната.

## „ШПИОН/БОЖИНОВСКИ“ КОК-99/16

Рочиштето на ден 27.06.2018 година се одложи поради отсуство на бранителот на обвинетите во оваа постапка.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На ден 28.06.2018 година се одржа рочиштето по овој предмет. Судот донесе решение за судење во отсуство за еден од обвинетите бидејќи не е достапен на органите на прогон. Постапката продолжи со воведни говори и изведување на докази предложени со обвинението.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На рочиштето одржано на 29.06.2018 година се изведуваа писмените докази предложени со обвинителниот акт од страна на специјалното јавно обвинителство.



KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


### Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10

Скопје, 1000

00 389 2 6139874

contact@all4fairtrials.org.mk


Јули, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

Рочиштето на ден 02.07.2018 година беше одложено поради отсуство на еден од обвинетите и отсуство на повиканите сведоци. На одржаното рочиште на 05.07.2018 година беа испитани 3 сведоци од страна на специјалното јавно обвинителство и одбраната.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 11.07.2018 година се одржа рочиштето по овој предмет. Беа изведени аудио снимките како докази на обвинението.

## „ЗИЈАДИН СЕЛА„ КБР.1893/17

На 05.07.2018 година беше јавно објавена пресудата по овој предмет. Судот донесе осудителна пресуда за 7 обвинети во оваа постапка. 1 обвинет е осуден на ефективна казна затвор во траење од 13 години и 6 месеци, 2 обвинети се осудени на ефективна казна затвор во траење од 13 години и 4 обвинети се осудени на ефективна казна затвор од 10 години и 6 месеци.

## „ТНТ“ КОК-53/17

Рочиштето на 03.07.2018 година продолжи во фаза на доказна постапка и се изведуваа писмените докази предложени во обвинението. Наредното рочиште е насрочено на 29.08.2018 година.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

Рочиштето на ден 03.07.2018 година беше одложено поради отсуство на една од обвинетите. Наредното рочиште е насрочено на 16.08.2018 година.

## „ЛЕВИЦА“ КБР.986/16

Рочиштето на 12.07.2018 година беше одложено поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ТРУСТ“ КБР.1459/17

На ден 03.07.2018 година беа изведени дополнителните докази од страна на специјалното јавно обвинителство. На 12.07.2018 година специјалното јавно обвинителство ги даде своите завршни зборови. На 17.07.2018 година беа дадени завршните зборови од страна на обвинетите. На 20.07.2018 година беше јавно објавена пресудата по овој предмет со која судот ги осуди двајцата обвинети и им одреде ефективна казна затвор за физичките лица, за првообвинетиот 6 години, за втораобвинетиот 3 години како и им е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност. Двете правни лица се казнети со парична казна од 2 милиони денари. Едно физичко и едно правно лице се ослободени од обвинение. Судот определи и конфискација на имот во износ од 17 милиони евра.

## „МАРИГЛЕН“ КБР.1271/16

На ден 03.07.2018 година рочиштето беше одложено поради отсуство на јавниот обвинител во постапката.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 04.07.2018 година продолжи доказната постапка по овој предмет на кое што рочиште беа презентирани аудио снимки.  На 12.07.2018 година рочиштето продолжи во фаза на доказна постапка и се изведуваа аудио снимките предложени со обвинителниот акт.

## „ТАМАРА“ КБР.930/18

На 04.07.2018 година рочиштето беше одложено поради отсуство на дел од обвинетите.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

Рочиштето на 05.07.2018 година беше одложено поради тоа што не беа обезбедени технички услови за испитување на загрозениот сведок. На 11.07.2018 година рочиштето беше одложено поради непотполн судечки совет. Наредното рочиште е насрочено на 22.08.2018 година.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На 06.07.2018 година започна доказната постапка по овој предмет. Беа изведени аудио снимките предложени како докази од страна на специјалното јавно обвинителство.

## „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

На 09.07.2018 година се одржа рочиште по овој предмет на кое беа испитани 3 сведоци предложени во листата на докази од страна на специјалното јавно обвинителство. На 13.07.2018 година беа испитани 2 сведоци предложени од страна на специјалното јавно обвинителство и одбраната на обвинетите.

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 09.07.2018 година започна постапката по овој предмет. Беа дадени воведните говори од страна на специјалното јавно обвинителство, бранителите и обвинетите. По однос на признание на вина, обвинетите се произнесоа дека не се чувствуваат виновни. Наредното рочиште е насрочено на 03.09.2018 година.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 09.07.2018 година постапката по овој предмет продолжи со испитување на вештакот, директно од страна на специјалното јавно обвинителство и вкрстено од страна на одбраната. На 11.07.2018 година постапката продолжи со вкрстено испитување од страна на бранителите и обвинетите. На 12.07.2018 година постапката продолжи со испитување на вештакот од страна на специјално јавно обвинителство и одбраната. Со оглед дека вештакот беше предложен од специјалното јавно обвинителство, тие го испитуваа директно, а одбраната и обвинетите го испитуваа вкрстено. Судот закажа 7 рочишта по овој предмет за по завршувањето на судската ферија.

## „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ (раздвоена постапка) КБР.1747/17

Рочишето на 10.07.2018 година беше одложено поради отсуство на обвинетиот, бранителот и јавниот обвинител.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

Рочиштето на 13.07.2018 година беше одложено поради непотполн судски совет.

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

Август, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 16.08.2018, 17.08.2018 и 20.08.2018 година се одржаа рочишта по овој предмет на кои што започна доказната постапка и се изведуваа аудио снимките предложени во листата на докази на обвинителниот акт. Наредното рочиште е насрочено на 12.09.2018 година.

## „27ми АПРИЛ“ КОК-40/18

На 22.08.2018 година започна судската постапка по овој предмет, беше утврден идентитетот на обвинетите и беа дадени воведните говори на Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција. На 23.08.2018 година рочиштето продолжи со давање на воведни говори од страна на обвинетите и нивните бранители, беа дадени 11 воведни говори. На 24.08.2018 година се продолжи со воведните говори и беа дадени 47 воведни говори од страна на одбраната и обвинетите. На 27.08.2018 година откако се заврши со воведните говори се продолжи со поуките за правата на обвинетите и произнесување по однос на вина. На 31.08.2018 година започна доказната постапка и беа испитани 4 сведоци предложени од јавното обвинителство. Наредното рочиште е насрочено на 06.09.2018 година.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 29.08.2018 година рочиштето беше одложено поради тоа што еден обвинет не бил усогласен со својот бранител во врска со неговата одбрана пред судот. Наредното рочиште е насрочено на 10.09.2018 година.

## „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

На 30.08.2018 година беше сослушан 1 сведок на специјалното јавно обвинителство. Наредното рочиште е насрочено на 17.09.2018 година.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На рочиштата на 22.08, 24.08 и 31.08.2018 година беше испитуван загрозениот сведок од страна на специјалното јавно обвинителство, бранителите и обвинетите и од страна на судот.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На рочиштето одржано на 27.08.2018 година продолжи доказната постапка и беа испитани 4 сведоци. Наредното рочиште е насрочено на 06.09.2018 година.

## „ТЕНК“ (раздвоена постапка) КОК-21/18

На 29.08.2018 година се одржа рочиште и продолжи доказната постапка на која беа испитани 2 сведоци. На 30.08.2018 година беа испитани 7 сведоци од страна на специјалното јавно обвинителство и одбраната на обвинетата.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 31.08.2018 година започна судската постапка и беа дадени воведните говори од страна на специјалното јавно обвинителство, потоа обвинетите беа поучени за правата и беа прашани да се произнесат по однос на вина. Наредното рочиште е насрочено на 13.09.2018 година.

## „ТЕНК“ второстепена постапка пред Апелациониот суд Скопје КОК Ж -23/18

Јавната седница на 30.08.2018 година беше одложена поради отстуство на бранителите на еден од обвинетите. На 31.08.2018 година на јавната седница по 3 одбиени и 1 отфрлено барање за изземање на судечкиот совет и в.д Претседателот на Апелациониот суд продолжи со реферирање на првостепената пресуда од страна на судија известител. Седницата започна во 9:30, а заврши во 19:45 часот, наредната седница е закажана на 05.09.2018 година.



КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk



**Септември, 2018**

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 03.09.2018 година се одржа рочиште на кое што беше испитуван оштетениот како сведок на специјалното јавно обвинителство.

На 07.09.2018 година беа репродуцирани аудио снимките кои што се предложени во листата на докази на обвинението од страна на специјалното јавно обвинителство.

На 20.09.2018 година на рочиштето, специјалното јавно обвинителство побара исклучување на јавноста поради приватни разговори во аудио снимките, судот донесе решение јавноста да биде исклучена.

## „ТЕНК“ (раздвоена постапка) КОК-21/18

На 04.09.2018 година се одржа рочиште на кое што беа испитани 5 сведоци предложени од страна на специјалното јавно обвинителство и беа репродуцирани 8те аудио снимки како докази на обвинението.

На 05.09.2018 година беа презентирани материјалните докази на специјалното јавното обвинителство кои што ги имаат предложено во обвинението.

На 12.09.2018 година рочиштето беше одложено.

На 14.09.2018 година на рочиштето беа испитани 5 сведоци предложени од одбраната на обвинетата.

На 17.09.2018 година на рочиштето беа испитани 7 сведоци предложени од одбраната на обвинетата.

На 18.09.2018 година на рочиштето беа испитани 4 сведоци предложени од одбраната на обвинетата.

На 26.09.2018 година на рочиштето беше испитан 1 сведок и 1 вештак.

На 27.09.2018 година на рочиштето беше испитан 1 вештак.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 04.09.2018 година се одржа рочиште кое продолжи со доказна постапка и во кое од страна на специјалното јавното обвинителство беа презентирани 23 аудио снимки од разговорите и 9 аудио снимки со исклучена јавност, со решение и образложение од судот дека истите се со приватна содржина.

На 18.09.2018 година рочиштето продолжи со доказна постапка и беа изведувани аудио снимките.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 04.09.2018 година беа испитани 2 сведоци предложени од страна на одбраната и на обвинетите.

На 05.09.2018 година доказната постапка продолжи и беа испитани 3 сведоци предложени од бранителите и обвинетите.

Рочиштето на 25.09.2018 година беше одложено поради непотполн судечки совет.

На 26.09.2018 година на рочиштето беа испитани 3 сведоци предложени од одбраната на обвинетите.

## „ТЕНК“ (второстепена постапка) КОК Ж-23/18

На јавната седница на 05.09.2018 година беа презентирани жалбените наводи на обвинетите и нивните бранители. Судот ги извести странките дека одлуката ќе биде соопштена преку првостепениот суд Основен суд Скопје 1.

## „27ми април“ КОК-40/18

На 06.09.2018 година, беа испитани 2 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Рочиштето започна во 12:00 часот, а заврши во 21:30 часот.

На 07.09.2018 година продолжи доказната постапка и беа испитани 4 сведоци предложени во листата на докази на обвинителниот акт. Рочиштето започна во 10:00 часот, а заврши во 21:25 часот.

На 13.09.2018 година се одржа рочиште на кое беа испитани 4 сведоци предложени од јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 19.09.2018 година на рочиштето продолжи доказната постапка и беа испитани 2 сведоци предложени во листата на докази на обвинението.

На 21.09.2018 година на одржаното рочиште беа испитани 6 сведоци предложени од јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 25.09.2018 година се одржа рочиште на кое што беа испитани 4 сведоци од страна на застапниците на обвинението.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На 06.09.2018 година, на рочишето по овој предмет се произнесе претставник на Државното Правобранителство на Република Македонија кој што предјави оштетно побарување во износ од 197.574,00 денари како и дека го задржува правото да изврши прецизирање на оштетното побарување доколку има нови докази. Наредното рочиште е насрочено на 01.10.2018 година во 10:00 часот.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

Рочиштето на 07.09.2018 година беше одложено поради тоа што судот немаше обезбедено судска сала и техничка опрема за одржување на рочиштето.

На 14.09.2018 година се испитаа 2 сведоци предложени во листата на докази на обвинението.

Рочиштето на 21.09.2018 година беше одложено поради отсуство на бранителите на обвинетите. Судот парично ги казни 3 бранители со парична казна во износ од 1000 евра.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 10.09.2018 година се одржа рочиште по овој судски предмет на кој што се започна со изведување на материјалните докази на специјалното јавно обвинителство. Од околу 800 докази, беа изведени 61 материјален доказ.

На 27.09.2018 година продолжи доказната постапка и беа изведени 86 материјални докази на обвинението.

### „ТРЕВНИК“ КБР.238/18

На 10.09.2018 година се одржа рочиште на кое беа репродуцирани аудио снимките како докази на обвинението.

### „ТНТ“ КОК-53/17

На 10.09.2018 година се одржа рочиште кое продолжи со доказна постапка и во кое специјалното јавното обвинителство ги презентираа своите материјални докази во форма на две видео-снимки од одржана седница на надзорна расправа која за прв пат се практикувала во Собранието на Република Македонија.

### „ТИТАНИК“ КОК-7/18

Рочиштето на 12.09.2018 година беше одложено поради отсуство на еден обвинет за кој што беше доставена лекарска документација за неговата здравствена состојба од страна на неговиот бранител.

На 24.09.2018 година се одржа јавна расправа на која што се изведуваа аудио снимките како докази на обвинението. Беа репродуцирани над 140 аудио снимки.

### „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ (раздвоена постапка) КБР.1747/17

На 12.09.2018 година рочиштето беше одложено.

### „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

Рочиштето на 13.09.2018 година беше одложено поради тоа што списите на предметот се во Апелациониот суд Скопје и се чека одлуката по жалба на решението за судење во отсуство.

### „ЛЕВИЦА“ КБР.986/16

Рочиштето на 14.09.2018 година беше одложено поради отсуство на судијата.

### „ШПИОН/БОЖИНОВСКИ“ КОК-99/16

На рочиштето на 17.09.2018 година главниот претрес започна одново поради изминати 60 дена од претходното рочиште. На почетокот јавниот обвинител зема збор и наведе дека во точката 32 од обвинителниот акт се наведени дејствија на еден обвинет за кривичното дело оддавање на државна тајна, кое што кривично дело не е опфатено со екстрадицијата па согласно законот јавниот обвинител се откажа од гонење за тоа кривично дело за што судот донесе решение со кое се запре постапката за тоа кривично дело што му се става на товар на обвинетиот. Рочиштето продолжи со утврдување идентитет и распит на обвинетите.

На 20.09.2018 година на одржаното рочиште беше испитуван еден оштетен во постапката.

### „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

На 17.09.2018 година на одржаното рочиште беше испитан 1 сведок предложен од страна на застапниците на обвинението.

Рочиштето на 21.09.2018 година беше одложено поради отсуство на еден обвинет.

### „ТАМАРА“ КБР.930/18

Рочиштето на 17.09.2018 година беше одложено поради отсуство на еден обвинет.

Рочиштето на 28.09.2018 година беше одложено по барање на одбраната.

### „ТВРДИНА 2“ КБР.1129/18

На ден 19.09.2018 година рочиштето беше одложено поради тоа што судот сеуште ја нема добиено одлуката за екстрадиција на обвинетиот од Република Грција.

### „ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17

Рочиштето на 20.09.2018 година беше одложено.

### „РОВЕР“ КБР.2454/15

Денешното рочиште беше одложено поради отсуство на еден обвинет и тројца бранители. Наредното рочиште е насрочено на 02.11.2018 година.

### „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

Рочиштето на 24.09.2018 беше одложено поради промена на законскиот застапник на правното лице кое што е обвинето во овој предмет.

### „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

Рочиштето на 25.09.2018 година беше одложено поради отсуство на бранителите кои што се ангажирани во друг притворски предмет.

### „ЗМИСКО ОКО“ КОК-38/16

Рочиштето на 25.09.2018 беше одложено поради неисполнети законски претпоставки за одржување на рочиштето, а од страна на судот беше дадена наредба за вештачење колку изнесува штетата.

**„МАРИГЛЕН“ КБР.1271/16**

Рочиштето на 28.09.2018 година беше одложено поради отсуство на јавниот обвинител и бранителот во оваа постапка.

**ЗАКЛУЧОЦИ:**

**1. Иако исти бранители се ангажирани во повеќе предмети, рочиштата за тие предмети се насрочуваат во ист ден и ист час, па на крајот сето тоа завршува со одлагање на еден од закажаните предмети, а во предметот „Топлик“ КОК-57/17 и со парични казни за адвокатите кои беа отсутни поради тоа што беа на друго судење.**

**2. Предметите „Мариглен“ КБР-1271/16 и „Левица“ КБР-986/16 кои се водат по скратена постапка, а чии расправи започнаа во 2016 година и се единствените активни предмети поврзани со „Шарената револуција“, континуирано се одлагаат поради отсуство на јавен обвинител или судија.**

**3. Во предметот „Змиско око“ каде што обвинети се околу 70 лица, може да се констатира дека не е почитувано начелото на судење во разумен рок со оглед на тоа дека постапката е започната 2007 година и сè уште трае, а континуирано се одлага поради големиот број на обвинети.**

**4. Коалицијата „Сите за правично судење“ во два наврати излезе со јавни реакции за предметот „27ми април “ во врска со долгите судења кои што траеја повеќе од 10 часа дневно. Коалицијата истакна загриженост во поглед на способноста на учесниците во постапката со полно внимание и концентрација да ги следат овие долги рочишта, а која загриженост е поткрепена со праксата на Европскиот суд за човекови права. На веб страната на Коалицијата, можете да ги најдете јавните реакции.**

Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество-Македонија

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10

Скопје, 1000

00 389 2 6139874

contact@all4fairtrials.org.mk

Октомври, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На рочиштето на 01.10.2018 година беше испитан 1 сведок на специјалното јавно обвинителство и 4 сведоци предложени од одбраната.

На рочиштето на 31.10.2018 година се одржа рочиште на кое што беше утврдена листата на докази предложена од страна на одбраната и обвинетите. Доказите на одбраната ќе започнат да се изведуваат на наредното рочиште закажано на 13.11.2018 година.

## „ТЕНК (раздвоена постапка)“ КОК-21/18

На рочиштето на 01.10.2018 година беше испитан 1 сведок, беа изведени материјалните докази од страна на специјалното јавно обвинителство и од страна на одбраната, исто така се изведоа и дополнителните докази.

На рочиштето одржано на 03.10.2018 година беа изведени завршните зборови од страна на специјалното јавно обвинителство, од страна на двајца бранители и од страна на обвинетата во постапката.

На 08.10.2018 година беше јавно објавена пресудата со која што судот ја осуди обвинетата на ефективна казна затвор во траење од 6 години и беше изречена мерка на претпазливост забрана за напуштање на живеалиште/престојувалиште.

## „27МИ АПРИЛ“ КОК-40/18

На 02.10.2018 година се одржа рочиште на кое што беа испитани 4 сведоци предложени во листата на докази на обвинението.

На 04.10.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка и се продолжи со испитување на 4 сведоци предложени во листата на докази на обвинението. Рочиштето започна во 10:00, а заврши во 23:05 часот.

На 09.10.2018 година на одржаното рочиште беа испитани 3 сведоци предложени од јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 16.10.2018 година судот ја исклучи јавноста за испитување на загрозениот сведок и не беше дозволено ниту претставник на Коалицијата да присуствува на рочиштето.

На 17.10.2018 година, иако беше доставено барање за стручна јавност на судењето до Претседателот на судот и до судечкиот совет, судот повторно не дозволи присуство на стручна јавност од Коалицијата „Сите за правично судење“.

На ден 22.10.2018 година продолжи доказната постапка и беа изведени 7 видео снимки како докази предложени во обвинителниот акт на јавното обвинителство за организиран криминал и корупција.

На ден 25.10.2018 година продолжи доказната постапка и беа презентирани 2 видео снимки. Рочиштето започна во 10:00 часот, а заврши во 22:15 часот.

На 29.10.2018 година се продолжи со изведување на материјалните докази предложени во листата на докази на обвинението. После паузата рочиштето беше одложено поради отсуство на 3 обвинети кои што имале работни обврски.

На 30.10.2018 година продолжи доказната постапка и се изведуваа видео снимки како докази на обвинението, меѓутоа расправата беше прекината поради влошување на здравствената состојба на еден обвинет.

Рочиштето на 31.10.2018 година беше одложено поради отсуство на еден обвинет од здравствени причини.

### „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На рочиштето на 03.10.2018 година продолжи доказната постапка и беа презентирани 31 видео снимка предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

### „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 03.10.2018 година се одржа рочиште на кое што се изведуваа писмените докази на обвинетите и одбраната.

На рочиштето одржано на 04.10.2018 година се утврдуваше листата на докази на одбраната што треба да се изведат на главната расправа.

На рочиштата одржани на 16.10 и 17.10 2018 година се испитуваа 2 технички советници предложени од одбраната и обвинетите.

На рочиштето одржано на 25.10.2018 година се испитуваше технички советник од страна на одбраната и обвинетите.

### „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

Рочиштето на 03.10.2018 година беше одложено поради отсуство на судијата.

### „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 04.10.2018 година рочиштето беше одложено по барање на одбраната бидејќи бранителите се ангажирани во друг притворски предмет. Констатирано беше од страна на судот дека постапката ќе треба да почне одново поради одлагањето кое што траело повеќе од 90 дена. За наредниот период закажани се 9 рочишта.

На ден 17.10.2018 година рочиштето повторно се одложи поради отсуство на бранителите во постапката.

На 29.10.2018 година се одржа рочиште на кое постапката почна одново поради истекот на 90 дена од претходно одржаното рочиште.

### „ТРЕВНИК“ КБР.238/18

На 08.10.2018 година се одржа рочиште на кое што беа изведени 40тина аудио снимки предложени како докази на специјалното јавно обвинителство.

На рочиштето на 15.10.2018 година доказната постапка продолжи со изведување на материјалните докази од страна на застапниците на обвинението.

На 31.10.2018 година продолжи доказната постапка и се продолжи со изведување на материјалните докази на обвинението.

### „ТАРГЕТ / ТВРДИНА“ КОК.47/17

На рочиштето од 08.10.2018, судот донесе решение за спојување на постапка како и решение за судење во отсуство. Специјалното јавно обвинителство, бидејќи постапката започна од почеток изјавија дека остануваат на веќе дадените воведни говори. Се продолжи со воведни говори од страна на бранителите и двајца обвинети во постапката.

### „ТИТАНИК “ КОК-07/18

На ден 05.10.2018 се одржа рочиште каде специјалното јавно обвинителство ги изведе своите материјани докази - 117 аудио снимки од незаконското следење на комуникациите. До ова рочиште изведени се севкупно 602 аудио снимки.

На ден 18.10.2018 се одржа рочиште на Специјалното јавно обвинителство, беа изведени материјалните докази - вкупно 88 аудио снимки кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. По барање од страна на еден од обвинетите а поради неодложливи работни обврски рочиштето беше презакажано.

На 24.10.2018 година продолжи доказната постапка по овој предмет и беа изведени 96 аудио снимки.

### „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

На рочиштето на 10.10.2018 година на почетокот беше раздвоена постапката за еден од обвинетите по барање на специјалното јавно обвинителство поради здравствената состојба на обвинетиот. Доказната постапка продолжи со испитување на сведок предложен од обвинителството и од одбраната.

Рочиштето одржано на 16.10.2018 година се одложи поради отсуство на еден обвинет.

На рочиштето одржано на 29.10.2018 година продолжи доказната постапка и беа испитани 2 сведоци.

### „ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17

На одржаното рочиште на 12.10.2018 година постапката пред судот започна одново поради истекот на 90 дена од последното рочиште и промена на член на судечкиот совет. Потоа следуваше испитување на двајца сведоци предложени со листата на докази на обвинението.

На одржаното рочиште на 18.10.2018 година беа испитани 5 сведоци од страна на специјалното јавно обвинителство и одбраната.

На 25.10.2018 година, продолжи доказната постапка и беа испитани 3 сведоци од специјалното јавно обвинитеслтво и од страна на одбраната.

На 30.10.2018 година продолжи доказната постапка и беа испитани 6 сведоци предложени од специјалното јавно обвинителство и од одбраната.

### „ТНТ“ КОК-53/17

Рочиштето на 15.10.2018 година беше одложено по барање на еден обвинет.

На 25.10.2018 година се презентираа материјалните докази од страна на специјалното јавно обвинителство.

Рочиштето на 30.10.2018 година се одржа и продолжи доказната постапка, на ова рочиште се презентираа материјалните докази на обвинението.

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На рочиштето одржано на ден 12.10.2018 година продолжи доказна постапка на изведување материјални докази од страна на специјалното јавно обвинителство со што се презентираа вкупно 288 SMS пораки.

На рочиштето на 26.10.2018 година продолжи доказната постапка со изведување на материјални докази и беа презентирани 308 SMS пораки.

### „ТВРДИНА 2“ КБР.1129/18

Рочиштето на 17.10.2018 година беше одложено поради отсуство на член на судечкиот совет.

### „27МИ АПРИЛ“ КСЖ-676/18 (ПОСТАПКА ПРЕД АПЕЛЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ)

На 18.10.2018 година се одржа јавна седница по жалбените наводи на еден обвинет против решението на првостепениот Кривичен совет со кое се одби предлогот за укинување на мерката притовр со поблага мерка и понудена гаранција во износ од 526.370 евра.

### „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 19.10.2018 година рочиштето беше одложено поради неодложлив лекарски преглед на еден обвинет за кој неговиот бранител достави документација до судот.

### „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На рочиштето на 19.10.2018 година по овој предмет беа испитани 3 вештаци посочени од страна на специјалното јавно обвинителство.

На одржаното рочиште на 26.10.2018 година беа испитани 2 вештаци во однос на биолошките анализи.

### „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На ден 22.10.2018 година рочиштето беше одложено поради отсуство на еден бранител во постапката.

### „ЕРАЗМУС“ КОК-115/16

Рочиштето на 22.10.2018 година беше одложено поради отсуство на јавен обвинител.

## „ШПИОН“ КОК-99/16

На рочиштето одржано на 29.10.2018 година беше испитан 1 оштетен во својство на сведок.

## „ТАМАРА“ КБР.930/18

На 29.10.2018 година се одржа рочиште на кое што судот ја раздвои постапката за една обвинета која што беше отсутна поради здравствени причини. Рочиштето продолжи со утврдување на идентитетот на обвинетите.

„Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.“

Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество-Македонија

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10

Скопје, 1000

00 389 2 6139874

contact@all4fairtrials.org.mk

Ноември, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На рочиштето одржано на 01.11.2018 година продолжи доказната постапка и се презентираа видео снимки предложени како докази на обвинението.

На 20.11.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беа изведени материјалните докази на специјалното јавно обвинителство.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

Рочиштето на 01.11.2018 година беше одложено поради отсуство на Претседателот на судечкиот совет кој што бил на службено патување.

На 09.11.2018 година продолжи доказната постапка со сослушување на сведоци. Беа испитани 2 сведоци кои што беа предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

Рочиштето на 20.11.2018 година беше одложено.

## „НАСИЛСТВОТО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“ (раздвоена постапка) КБР.1747/17

Рочиштето на 01.11.2018 година беше одложено поради отсуство на обвинетиот од здравствени причини.

## „РОВЕР“ КБР.2454/15

Рочиштето на 02.11.2018 година беше одложено поради отсуство на бранител во постапката. Наредното рочиште е насрочено на 21.12.2018 година во 10:30 часот.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 02.11.2018 година се одржа рочиштето по овој предмет на кое што рочиште продолжи доказната постапка со презентација на материјалните докази предложени од страна на специјалното јавно обвинителство. Беа презентирани речиси 300 материјални докази.

На 15.11.2018 година продолжи доказната постапка, беа изведени 173 материјални докази од страна на специјалното јавно обвинителство.

На 29.11.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, се изведуваа материјални докази од страна на специјалното јавно обвинителство.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 02.11.2018 година се одржа рочиште на која што продолжи доказната постапка по овој предмет. Беа испитани 2 сведоци, од кој што вториот сведок беше испитан само директно од специјалното јавно обвинителство, на наредното рочиште ќе се продолжи со испитување вкрстено од страна на одбраната и обвинетите.

На 08.11.2018 година продолжи доказната постапка, беа испитани 3 сведоци кои што беа предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

На 21.11.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беа испитани 3 сведоци кои што беа предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

### „27ми април“ КОК-40/18

На 02.11.2018 година се одржа рочиште на кое што беа презентирани 2 видео снимки. Рочиштето започна во 10:00 часот, а заврши во 20:15 часот.

На 05.11.2018 година се одржа рочиште на која продолжи доказната постапка во која беа изведени материјалните докази на јавното обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција - вкупно 3 видео снимки од настанот. Рочиштето започна еден час подоцна од закажаниот термин поради присуство на еден од обвинетите на друго рочиште каде е исто така обвинет за друго кривично дело.

На 06.11.2018 година на одржаното рочиште се презентираа 7 видео снимки од страна на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 08.11.2018 година продолжи доказната постапка и презентирање на доказите предложени од страна на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Беа презентирани 22 видео снимки. Рочиштето започна во 10:00 часот, а заврши во 19:00 часот.

На 12.11.2018 година продолжи доказната постапка, беше изведена 1 видео снимка од одземен мобилен телефон од еден обвинет, а потоа се презентираа видео снимки и фотографии од увидот што бил направен од страна на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 13.11.2018 година продолжи доказната постапка, беа презентирани телефонски пораки кои што беа предложени како докази од страна на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 15.11.2018 година продолжи доказната постапка, се презентираа телефонски пораки како докази од страна на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 16.11.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, се презентираа телефонски пораки како докази од страна на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Рочиштето на 20.11.2018 година беше одложено поради отсуство на јавниот обвинител кој го застапува предметот.

На 21.11.2018 година продолжи доказната постапка, се изведуваа материјалните докази на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, беа изведени 347 материјални докази.

На 26.11.2018 година рочиштето беше одложено поради отсуство на еден обвинет кој што беше на друго судско рочиште. Судот ги извести странките дека рочиштето ќе биде одложено поради некоординираност на судот.

На 27.11.2018 година на одржаното рочиште продолжи доказната постапка, започнаа да се изведуваат доказите на одбраната.

На 28.11.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, се изведуваа материјални и вербални докази на обвинетите и нивните бранители.

На 29.11.2018 и 30.11.2018 година продолжи доказната постапка со изведување на докази на обвинетите и нивните бранители.

## „НАСИЛСТВОТО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

Рочиштето на 05.11.2018 година се одложи поради отсуство на бранителите во постапката. Судот ги казни адвокатите со парична казна од 1000 евра.

На 16.11.2018 година се одржа рочиштето по овој предмет, по предлог на специјалното јавно обвинителство се донесе решение од страна на судот за судење во отсуство за обвинетиот Никола Груевски. Се продолжи со испитување на 4 сведоци.

## „ТРЕВНИК“ КБР.238/18

На 05.11.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказнатата постапка, беше испитан 1 вештак и беше изведено вештачењето како материјален докази предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

На 14.11.2018 година, на рочиштето се утврдуваше понатамошниот тек на постапката, на наредното рочиште ќе се изведуваат материјалните докази на одбраната и ќе бидат испитувани вешти лица.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 05.11.2018 година продолжи доказната постапка и беа презентирани 40тина аудио снимки предложени од страна на специјалниото јавно обвинителство.

На 07.11.2018 година се одржа рочиштето на кое што продолжи доказната постапка и беа изведени 67 аудио снимки кои што беа презентирани до страна на специјалното јавно обвинитлество.

Рочиштето на 14.11.2018 година беше одложено поради отсуство на обвинети во овој предмет. Специјалното јавно обвинителство достави предлог до судот за судење во отсуство за еден обвинет, во однос на други двајца обвинети на кои што им беше определена мерка притвор, судот немаше испратено наредба за спроведување.

На 23.11.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беа изведени 94 аудио снимки.

На 26.11.2018 година продолжи доказната постапка, без изведени 50тина аудио снимки. На наредното рочиште ќе се продолжи со изведување на материјалните докази предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

На 30.11.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, на ова рочиште се почна со изведување на смс пораки. Беа изведени 59 смс пораки.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 07.11.2018 година рочиштето беше одложено поради непотполн судечки совет.

## „ТВРДИНА/ТАРГЕТ“ КОК-47/17

На 06.11.2018 година се одржа рочиште на кое што започна доказната постапка по овој предмет, беше испитан само 1 сведок директно од специјалното јавно обвинителство, испитувањето траеше од 11:00 часот до 17:45 часот.

Рочиштето на 21.11.2018 година беше одложено поради тоа еден обвинет не беше спроведен од притвор.

## „ТИТАНИК 3“ К-1905/17

Рочиштето на 08.11.2018 година беше одложено поради отсуство на Претседателот на судечкиот совет кој што беше отсутен поради службени обврски.

На 13.11.2018 година продолжи доказната постапка, беа испитани 5 сведоци.

На 20.11.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, се испитаа 5 сведоци.

На 30.11.208 година продолжи доказната постапка со изведување на доказите на специјалното јавно обвинителство. Беа испитани 2 сведоци.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На рочиштето на 09.11.2018 година продолжи доказната постапка, беше испитан 1 сведок, а потоа се продолжи со читање на записниците од претходните главни расправи кога биле испитувани претходните сведоци. На ова рочиште се заврши со изведување на доказите од страна на специјалното јавно обвинителство. Наредното рочиште е насрочено на 17.01.2019 година во 10:00 часот.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 12.11.2018 година се одржа рочиште на кое што беа испитани 3 вештаци. Двајца вештаци беа од одделот за дактилоскопска анализа на отпечатоци на прсти и траги, а еден вештак беше од областа на форензичка идентификација на моторни возила.

На 19.11.2018 година продолжи доказната постапка по овој предмет, беа испитани 3 вештаци.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 13.11.2018 година продолжи доказната постапка, беше испитан 1 сведок од повиканите 3 сведоци за ова рочиште.

На 20.11.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беа испитани 4 сведоци предложени од страна на одбраната на обвинетите.

На 27.11.2018 година рочиштето беше одложено поради отсуство на член на судечкиот совет.

## „ТАМАРА“ КБР.930/18

Рочиштето на 14.11.2018 година беше одложено поради отсуство на една обвинета.

На ден 22.11.2018 година се одржа рочиште на кое беше прочитан диспозитивот од обвинението на основното јавно обвинителство, понатаму се продолжи со поуки за правата и изјаснување на вина на обвинетите.

### „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На 13.11.2018 година се утврдуваше понатамошниот тек на постапката, односно кои докази ќе бидат изведувани од страна на одбраната и обвинетите.

На 27.11.2018 година рочиштето беше одложено по барање на странките.

### „ТНТ“ КОК-53/17

На 15.11.2018 година, на одржаното рочиште, по барање на специјалното јавно обвинителство судот донесе решение за судење во отсуство на обвинетитот Никола Груевски, исто така се определи и мерка притвор. Рочиштето продолжи со доказната постапка, беше сослушан 1 сведок.

На 29.11.2018 година се одржа рочиште на кое што беа испитани 3 сведоци предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

### “ТРАЕКТОРИЈА” КОК-57/17

На ден 22.11.2018 година се донесе решение за судење во отсуство на еден од обвинетите и се продолжи со читање на материјални докази предложени од специјалното јавно обвинителство.

### “ЛЕВИЦА” КБР-986/18

На ден 22.11.2018 година се одржа рочиште на кое започна доказната постапка, се изведуваа докази предложени од јавното обвинителството. Беше сослушан еден сведок, а потоа се продолжи со изведување на материјални докази.

### Детектирани проблеми:

Како пропуст кој е детектиран од страна на Коалицијата, а се однесува на несекојдневни пракси во работењето на судот е тоа што - во услови кога пред ист судечки совет се судат повеќе предмети на Специјалното јавно обвинителство, каде што има слични или исти обвинети лица се менуваат насрочените рочишта по предметите без при тоа да се извести јавноста, односно на календарот на судења што го објавува судот на својата веб страна е насрочен еден предмет, а истиот тој ден во судот се суди друг предмет пред истиот судечки совет. Ваквото постапување на судот влијае на степенот на транспарентност, како и на информирањето на јавноста за насрочените рочишта кои што треба да се одржат.

„Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.“

Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество-Македонија

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

Декември, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На 03.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка со изведување на доказите на обвинетите и нивните бранители. Беше испитан еден сведок, а потоа беа изведени материјалните докази кои што беа предложени од обвинетите со листата на докази.

На 18.12.2018 година продолжи доказната постапка, на одржаното рочиште беше испитан 1 сведок и 1 вештак предложени од страна на обвинетите и нивните бранители.

На 24.12.2018 година се одржа рочиште на кое што се изведуваа дополнителните докази на специјалното јавно обвнителство. Беа презентирани 8 аудио снимки.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

Рочиштето на 04.12.2018 година се одложи поради непотполн судечки совет.

Рочиште на 14.12.2018 година се одложи.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

Рочиштето на 04.12.2018 година се одложи по барање на одбраната бидејќи е закажана седница пред Кривичен совет по повод жалба за изречена мерка притвор на обвинетиот Сашо Мијалков.

На 14.12.2018 година продолжи доказната постапка со изведување на доказите на специјалното јавно обвинителство, се испитуваше директно 1 сведок од јавните обвинители.

Рочиштето на 26.12.2018 година беше одложено по барање на одбраната поради потребно дополнително време за подготовка на вкрстеното испитување на 1 сведок.

## „27МИ АПРИЛ“ КОК-40/18

На 03.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, се изведуваа докази на обвинетите, а исто така дел од обвинетите даваа и своја одбрана. Рочиштето започна во 10:00 часот, а заврши во 21:10 часот.

На ден 04.12.2018 година се изведуваа доказите на обвинетите и нивните бранители, односно сведочеа двајца од обвинетите.

На 06.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка со изведување на докази на еден обвинет, беа испитани 4 сведоци, а своја одбрана даде и обвинетиот.

На 10.12.2018 година продолжи рочиштето со доказна постапка, беа испитани 4 сведоци предложени од одбраната. Рочиштето започна во 11:30 часот, а заврши во 18:50 часот.

На 11.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беа испитани 4 сведоци кои што беа предложени од страна на обвинетите и нивната одбрана. Рочиштето започна во 10:00 часот, а заврши во 17:50 часот.

На 13.12.2018 година продолжи доказната постапка со сослушување на 4 сведоци кои што беа предложени од одбраната на еден обвинет, потоа се продолжи со изведување на материјалните докази. Рочиштето започна во 10:00 часот, а заврши во 15:35 часот.

На 14.12.2018 година се одржи рочиште на кое што се изведуваа дополнителните докази на јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 17.12.2018 година на одржаното рочиште се изведуваа дополнителните докази што се предложени од страна на одбраната и обвинетите.

Рочиштето на 20.12.2018 година беше одложено поради тоа што одбраната не беше подготвена за изведување на материјалните докази.

На 21.12.2018 година продолжи доказната постапка со изведување на дополнителните докази на обвинетите. Рочиштето започна во 11:30 часот, а заврши во 16:30 часот.

На 26.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка со изведување на дополнителните докази на обвинетите.

### “ТАМАРА”

На ден 05.12.2018 година рочиштето се одложи по барање на одбраната, поради неусогласеност помеѓу бранителите и јавното обвинителство на кој начин да се изведуваат материјалните докази.

На 12.12.2018 година започна доказната постапка, јавниот обвинител ги изведуваше материјалните докази предложени во листата на докази со обвинителниот предлог. Беа изведени 90тина материјални докази. Наредното рочиште е насрочено на 23.01.2019 година во 10:00 часот.

### “ТВРДИНА 2”

На ден 05.12.2018 година рочиштето се одложи на барање на бранителот на еден обвинет поради ангажираност во друг предмет.

Рочиштето на 24.12.2018 година беше одложено поради назначување на нов судија што ќе го води предметот.

### „ТАРИФА” КОК-51/17

На ден 06.12.2018 година се одржа рочиште во кое беа испитани двајца сведоци предложени од страна на одбраната.

На 11.12.2018 година продолжи доказната постапка со изведување на доказите на обвинетите и нивната одбрана, беа испитани 2 сведоци.

На ден 13.12.2018 година продолжи доказна постапка во која беа сослушани двајца сведоци предложени од страна на одбраната.

На 18.12.2018 година се одржа рочиште на кое што беа сослушани 4 сведоци предложени од страна на обвинетите и нивните бранители.

На 24.12.2018 година беше сослушан 1 сведок предложен од страна на одбраната

### „ОПШТИНА ЦЕНТАР” (раздвоена постапка)

На ден 06.12.2018 година постапката се одложи по барање на бранителот на обвинетиот.

### „ТИТАНИК “ КОК-7/18

На 05.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, се изведуваа смс пораки како докази на обвинението. Беа прочитани околу 200 смс пораки.

На 07.12.2018 година на одржаното рочиште се продолжи со изведување на доказите кои што се предложени од страна на специјалното јавно обвинителство. Беа презентирани 183 смс пораки.

На 12.12.2018 година продолжи доказната постапка со изведување на материјалните докази на специјалното јавно обвинителство, беа презентирани 40тина смс пораки.

На 19.12.2018 година се одржа рочиште на кое што се изведуваа материјалните докази на специјалното јавно обвинителство, беа изведени 980 материјални докази.

На 21.12.2018 година продолжи доказната постапка со изведување на материјалните докази на специјалното јавно обвинителство, исто така се презентираа 20 аудио снимки.

### „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 06.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беа испитани 3 сведоци предложени од страна на специјалното јавно обвинителство. Наредните рочишта се насрочени на 15.01.2019 и 25.01.2019 година во 10:00 часот.

### „ШПИОН“ КОК-99/16

На ден 10.12.2018 година се одржа рочиште на кое што беше испитан 1 сведок преку видео конференциска врска поради тоа што сведокот се наоѓа во друга држава на издржување казна затвор.

### „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 10.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беа испитани 3 вештаци.

На 20.12.2018 година продолжи доказната постапка, беа испитани 4 доктори од судска медицина и 2 вештаци од балистика, вработени во МВР.

### „ТНТ “ КОК-53/17

На 11.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка со испитување на 4 сведоци кои што беа предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

На 25.12.2018 година продолжи доказната постапка со испитување на 4 сведоци предложени со листата на докази во обвинителниот акт.

### „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 11.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка со изведување на материјалните докази – видео снимки предложени од страна на специјалното јавно обвинителство.

На 27.12.2018 година продолжи доказната постапка со изведување на видео снимки и материјални докази на специјалното јавно обвинителство.

## „ТИТАНИК 3“

На 13.12.2018 година се одложи рочиштето по барање од страна на одбраната.

На 14.12.2018 година продолжи доказната постапка по овој предмет, беа испитани 3 сведоци кои што беа предложени од специјалното јавно обвинителство и од одбраната на обвинетите.

## „ТРЕВНИК“ КБР.238/18

На 17.12.2018 година се одржа рочиште на кое што продолжи доказната постапка, беа изведени материјални докази на одбраната и беа испитани 2 вештаци.

## „НАСИЛСТВОТО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

На 17.12.2018 година на одржаното рочиште продолжи доказната постапка, беше испитан 1 сведок предложен од страна на специјалното јавно обвинителство. На ова рочиште бранителите на обвинетиот Никола Груевски го откажаа полномошното, по што судот веднаш определи бранител по службена должност.

На 26.12.2018 година беше испитан 1 сведок од страна на специјалното јавно обвнителство, одбраната и обвинетите.

## „ЗМИСКО ОКО“ КОК-38/16

Рочиштето на 20.12.2018 година беше одложено.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

Рочиштето на 27.12.2018 година беше одложено по барање на бранителот што е назначен по службена должност за еден обвинет со образложение дека предметот е обемен и потребно е време за подготовка.

„Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.“